# Како да се заштитите од измами

Измамата е нечесно или противзаконско дејство што ги наведува луѓето да даваат пари, лични податоци, интимни слики или нешто друго што има вредност. Онлајн-измамите обично ги вршат лица со лажен профил или лажни претпријатија. И покрај тоа што интернетот може да биде прекрасно место што можете да го истражувате, добро е да бидете внимателни!

Да бидеме свесни за измамниците е еден од најважните чекори за да ги избегнеме. Штом ќе ги знаете нивните лукавства, поверојатно е дека ќе можете да ја забележите измамата. Најдобра одбрана е да бидете внимателни!

**Еве неколку врвни совети како да ги препознаете и да ги избегнете измамите.**



## Заштитете ги вашите лични податоци

Измамниците се обидуваат да добијат пристап до вашите лични податоци така што ви поставуваат прашања или ви даваат упатства преку телефонски повик, е-пошта, текст или преку социјалните медиуми. Измамниците ќе ги користат вашите лични податоци за да ви ги украдат парите или да извршат друго злодело.

### Што бараат измамниците?

Измамниците се обидуваат да ја здобијат вашата доверба преправајќи се дека се од некоја добро позната организација или агенција, како што е NBN Co, Telstra, Microsoft, Австралиската пошта, Даночната управа, Полицијата или Services Australia (MyGov, Centrelink, Medicare).

**За да ве натераат да им ги дадете вашите лични или финансиски податоци, измамниците може да:**

- ве наведат да кликнете на некоја врска
- ви побараат да им овозможите далечински пристап до вашиот компјутер
- ви бараат да платите нивен долг
- ви бараат да купите ваучер за да платите казна
- ви бараат да пренесете парични износи или да пратите пари во друга земја.

### Знаци што покажуваат дека можеби се работи за измама

**Внимавајте на:**

- неочекувана е-пошта, пораки или повици од непознато лице
- ветувања за финансиски добивки
- закани за казна или долг
- закани за затворање или стопирање на вашата сметка
- врски што не изгледаат оригинално, како на пример, необична адреса на веб-страница
- невообичаено чувство на итност или поставување временски рок.

**Совет:** ако не сте сигурни дали пораката или повикот се вистински, не користете ги дадените детали за контакт, туку наместо тоа, извршете пребарување на бројот на организацијата или нејзината адреса на е-пошта.

# Бидете внимателни со пријателите што сте ги запознале онлајн

Онлајн-измамниците често стапуваат во контакт со луѓе преку социјалните медиуми. Тие ги користат нивните тактики во љубовни измами или измами преку романтични средби. Исто така, нивна цел се луѓе што играат онлајн-игри како што се „Words with Friends“ и „Scrabble“. Нивната цел е да изградат однос (не мора да биде романтичен), за да се здобијат со вашата доверба и да ви побараат пари, лични податоци, интимни слики или нешто друго што има вредност.

## Знаци што покажуваат дека можеби се работи за измама

**Внимавајте на луѓе кои:**

- брзо изразуваат длабоки чувства
- се обидуваат да ја префрлат комуникацијата од веб-страницата кадешто се среќавате на некој поприватен канал за комуникација, како што е размена на текстуални пораки или е-пошта
- ви раскажуваат детални приказни за финансиски проблеми
- велат дека сакаат да ве сретнат, но наоѓаат изговори или ви бараат пари, но не можат да патуваат за да ве сретнат
- ве прашуваат за вашата финансиска состојба
- стануваат настојчиви, подиректни, па дури и агресивни кога не им праќате пари
- се чини дека имаат недоследности во нивните онлајн профили, на пример, нивната фотографија изгледа различно од описот или велат дека се факултетски образовани, но прават граматички грешки.

Исто така, измамниците често се претставуваат како работници за помош или се преправаат дека се воен персонал или професионални лица што работат во странство.

**Совет:** извршете пребарување на неколку страници, како што се Google (images.google.com) или Tineye (tineye.com), за да проверите дали лицето е навистина тоа што се  претставува.

## Како да се заштитите

- Не давајте им ги личните или финансиските податоци на луѓе што не сте ги сретнале лично.
- Не вршете никакви плаќања преку дознака, телеграфски пренос, меѓународен пренос на пари или електронска валута како што е биткоинот (тешко е да ги повратите парите пратени на овој начин ако се испостави дека се работи за измама).
- Не согласувајте се да пренесувате пакети или пари во странство за друго лице, бидејќи може да вршите кривично дело без да знаете.
- Не споделувајте интимни фотографии и не користете веб-камери во интимна атмосфера.
- Прекинете го секој вид комуникација ако некое лице ви побара услуга или пари.
- Внимавајте на печатни грешки, лоша граматика и недоследности во приказните.



# Внимавајте на измамите со инвестиции

Измамниците со инвестиции вложуваат многу време, напор и пари за да создадат убедливи приказни, убави веб-страници и сјајни брошури со цел да ги измамат повозрасните Австралијци кои бараат начин да ги зголемат парите што ги заштедиле во текот на нивниот живот.

## Што прават измамниците за да ви го привлечат вниманието?

**Овие се некои од методите што ги користат измамниците со инвестиции:**

- ве упатуваат на лажна веб-страница на која што постојат лажни изјави за инвестиции со многу добра изведба и добивка,
- објавуваат реклама или написи на социјалните медиуми, како на пример, на Facebook,
- ви праќаат барање за пријателство на социјалните медиуми и се претставуваат како некој што го познавате или со кој сте поврзани со цел да добијат пристап до вашите информации на профил и да ви пратат понуди за инвестиции „скроени“ точно за вас,

## Знаци што покажуваат дека можеби се работи за измама

- Измамниците упорно ви се јавуваат и ви праќаат е-пошта.
- На телефонската линија најпрво ви се јавува некој помлад, а потоа некое друго лице на повисока функција се обидува да ја склучи зделката.
- Ве притискаат да дејствувате брзо за да не ја пропуштите поволната прилика.
- Велат дека немаат Австралиска лиценца за финансиски услуги (AFS licence) или дека не им треба лиценца
- Се обидуваат да ве спречат да ја одбиете зделката.




## Старосна пензија

Измамниците со инвестиции нудат брз и лесен начин да ги „отклучите“ порано средствата наменети за вашата старосна пензија. Може да ви побараат да се согласите со некоја приказна за да се обезбеди предвремено ослободување на вашите пари, и потоа, дејствувајќи како ваши финансиски советници, ја измамуваат вашата пензиска компанија да им ги исплати директно средствата наменети за старосната пензија.

Штом ќе ги добијат вашите пари, измамниците може да ви земат голема „провизија“ од ослободените средства и да не остане ништо за вас.

**Имајте на ум!** Обично не можете да пристапите законски до заштедениот дел од средствата за старосна пензија сè додека не се наоѓате на возраст меѓу 55 и 60 години, во зависност која година сте се родиле. Постојат одредени исклучоци, како на пример на основа на особени финансиски или здравствени тешкотии, но секој што ви нуди предвремен пристап до средствата за старосна пензија дејствува противзаконски.

### Вештачко зголемување на цената на акција

Измамниците со инвестиции купуваат акции по ниска цена во некоја мала компанија, а потоа праќаат лажни совети дека компанијата има одлични перспективи. Колку повеќе луѓе инвестираат, толку повеќе цената на акција расте и измамниците ги продаваат нивните акции кога цената е највисока. Потоа цената на акцијата паѓа и на акционерите им остануваат акциите со намалена вредност.

### Измами со препорака од славни лица

Измамниците со инвестиции користат лажни препораки од успешни и почитувани претприемачи или славни лица во обид да ги натераат луѓето да веруваат дека некој проект е поддржан од некого кому верувате. Овие измами често се појавуваат како онлајн-реклами или промотивни приказни на навестувањата на социјалните медиуми или на навидум законски и веродостојни веб-страници.

### Како да се заштитите

- Бидете сомничави со прилики што изгледаат премногу добри за да бидат реални.
- Бидете сомничави со реклами или приказни препорачани од славни лица.
- Не дозволувајте никому да ве присилува да правите нешто.
- Ако сте на возраст под 55 години, внимавајте на понудите што помовираат лесен пристап до придобивките од старосната пензија.
- Пребарувајте и барајте доверливи или независни финансиски и правни совети.
- Не давајте ги никому личните и финансиските податоци сè додека не:
  - сте провериле дали финансискиот советник и неговата компанија се регистрирани преку веб-страницата на ASIC asic.gov.au/online-services/search-asics-registers/.
  - сте го провериле списокот на ASIC со компании со кои не треба да соработувате moneysmart.gov.au/scams/companies-you-should-not-deal-with.

## Ми треба помош, се сомневам дека некој се обидува да ме измами

Ако мислите дека сте жртва на измама, не треба да се чувствувате засрамено и да не го кажувате тоа. Постојат чекори што можете да ги направите за да го решите проблемот:

- контактирајте со вашата банка за да запрете какви било други плаќања на измамникот,
- контактирајте со ID Care idcare.org ако некој ги украл или злоупотребил вашите лични податоци,
- за какви било измами во врска со Medicare, Centrelink или myGov, јавете се кај Services Australia на 1800 941 126 или пратете е-пошта на reportascam@servicesaustralia.gov.au.
- пријавете ја измамата кај Австралиската комисија за конкуренција и потрошувачи на scamwatch.gov.au за да можат да им кажат на други луѓе како да ја избегнат.

За да бидете информирани за најновите измами што треба да ги избегнете, запишете се предупредувањата по е-пошта на Scamwatch scamwatch.gov.au/news/subscribe-to-scam-alert-emails




## Најдете време да ја разгледате веб-локацијата Be Connected

Be Connected е една богата веб-локација со бесплатни ресурси специјално дизајнирани да им помогнат на постарите Австралијци да се поврзат безбедно онлајн и да вршат со самодоверба навигација низ дигиталниот свет. Исто така, локацијата е корисна за семејствата и организациите во заедницата што сакаат да им помогнат на постарите лица да пристапат до сите придобивки од интернетот.

beconnected.esafety.gov.au